Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 05-303/1
25.06.2026 год.
СКОПЈЕ

До
Советот за квалитет на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Годишен извештај за реализација на Акцискиот план

за учебната 2025/2026 година

Податоци за високообразовната установа	
Назив	Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за драмски уметности -Скопје.
Седиште	
Контакт-информации	Адреса: ул. „Руѓер Бошковиќ" бр.22 п.фах 134, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт-информации)	**Владимир Павловски** VLADIMIR.PAVLOVSKI@FDU.UKIM.EDU.MK 02/ 3061 - 188
Членови на Советот за квалитет на единицата	ПРОФ.Д-Р ИГОР ВЕЦОВСКИ , ПРОФ. М-Р ЛАЗАР СЕКУЛОВСКИ, ВОН. ПРОФ. М-Р БОРЈАН ЗАФИРОВСКИ, НАДВОРЕШЕН ЧЛЕН -ВИКТОРИЈА РАНГЕЛОВА, СТУДЕНТ НА ФДУ -АНГЕЛА ПЕЈКОВСКА
Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план	СЕПТЕМВРИ 2025 – СЕПТЕМВРИ 2026
Датум на доставување на Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план	22. 06. 2026
Датум на усвојување на Годишниот извештај од страна на Наставно-научниот совет на единицата	24.06.2026
Извештајот за реализација на Годишниот акциски план	✠ Се доставува првпат. □ Се доставува вторпат, со коригирани технички забелешки. □ Се доставува вторпат, по завршена дорабoтка.

Скопје. 22. 06. 2026

МП

проф. м-р Владимир Павловски
Декан

ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА МЕРКИТЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕЈНОСТА					
Мерка	**Вредност Г1**	**Проектирана вредност Г2**	**Остварена вредност Г2**	**Резултат** (остварен, делумно остварен, не е остварен)	**Образложение**
1. М1. Иницијативи за финансирање на студиски активности (филм, театар)	2 проекти	3 проекти	4 проекти	Остварен	Средствата за студентски испити и практични вежби (претстави и филмови) беа обезбедени на ниво слично на учебната 2024/25, но сепак во помал обем од потребите поради ограничената финансиска поддршка за проектите од страна на Мин. за култура и туризам и УКИМ.
1. М2. Работилници за вклучување на студенти во реформи на студиските програми	1 работилници	2 работилници	1 анкета и повеќе средби	Делумно остварен	Планираните работилниците се заменети со анкетирање на студентите (линк: https://outlook.cloud.microsoft/mail/inbox/id/AAQkADQ3NTE5YjZiLTc5NTctNDQ4NS04N2U0LWY0ZWE3NDU1NTUzYQAQABhnW3Qqtr1JihbCYgR5mP4%3D?culture=en-us&country=us) и неколку консултативни средби со групи на студенти во рамки на проектните активности (пр. нивна евалуација) и на предметните програми.
1. М3. Формирање на тело за обезбедување квалитет	/	1 тело	0	Не е остварен	Процесот е во разгледување од деканатската управа, но формално тело сеуште не е формирано.
1. М4. Акредитирање на студиски програми на англиски јазик	1 анализа	1 програма	2 програми во постапка	Делумно остварен	Детализирани се две студиски програми на III циклус на студии кои содржат предметни програми што се реализираат и на англиски јазик. Процесот на нивна акредитација е во завршна фаза.
2. М2 Мапирање на кадар за дефицитарни програми	1 анализа	1 листа на потенцијални наставници	Во тек	Делумно остварен	Одредени наставници за дел од дефицитарните области (костимографија, сценографија) се веќе привремено ангажирани како стручњаци од пракса; за останатите области листата на потенцијални наставници е во подготовка.
2. М3. Редизајн и ажурирање на веб-страна	1 веб-страна	1 нова веб-страна	1 нова веб-страна	Остварен	Новата веб-страна е веќе функционална (www.fdu.ukim.edu.mk), и започнато е континуирано ажурирање на содржините.
2. М4. Број на студенти кои реализираат практична настава	63	70	70	Остварен	Практична настава беше обезбедена за сите студенти од I циклус студии, како задолжителен дел од испити, односно преку учество во проектни активности. Дел од оваа настава е реализирана во соработка со професионални театри (Албански театар, Драмски театар и Ј.Х.К. Џинот – Велес) и филмски продукции.

4. М1. Прецизирање на вреднување на неформално учење	/	1 системска рамка	0	Не е остварен	Проблематиката е само анализирана во тековниот процес на реакредитација на студиските програми.
5. М1А Број на објавени трудови во списанија индексирани во Web of science и Scopus* 5. М1Б. Број на објавени трудови во меѓународни научи списанија (односно научни списанија со меѓународен уредувачки одбор)	- 5	- 6-7	1 9	Остварен	Објавени се вкупно 20 наујчни трудови од кои: 9 во интенационални односно научни списанија со меѓународен уредувачки одбор (1 труд е објавен во списание индексирано/дел од дата-база на Scopus/Web of Science) а 5 во рамки на меѓународни научни конференции.
5. М2. Вработувања на недостасувачки наставен кадар	-	3 вработувања	Во постапка	Не е остварен	Дефинирани се приоритетни вработувања и формално се поднесени соодветни барања кон МОН, заедно со директни контакти со министерството.
5. М3. Унапредување на просторните и технички капацитети – спецификација за конкретни потреби (вклучувајќи податоци за креирање на основен идеен план за реконстукција на просторот) и иницијатива за обезбедување на финансиски средства	-	1 спецификац./ иницијатива	1 спецификац./ иницијатива	Делумно остварен	Спецификација за просторни потреби за одржување на постоечката настава, но и за нејзино осовременување и за развој на нови програми веќе подолг период е дефинирана. Евентуален соодветен иден план за реконструкција не е започнат поради недостаток на финансиски средства за таа намена.
5. М4. Можности за професионално усовршување на кадар	2 проекти	4 проекти (20 наставници/ соработници)	4 проекти (20+ наставници/ соработници)	Остварен	Реализирани се 4 проекти (линкови: https://www.facebook.com/fduakademskascena/ https://www.facebook.com/skomrahi/?locale=mk_MK https://www.instagram.com/p/DZCOYaNNAll/) со вкупно над 20 вклучени наставници и уметнички соработници
5. М.5. Обуки за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава како и за развој на нивните педагошки и технички вештини (вклучувајќи вештачка интелигенција, зелена одржливост итн.).	-	1 обука	0	Не е остварен	Организирани се неколку презентации и предавања за студентите кои директно или индиректно се однесуваат на темите (пр. презентација на прирачник за еколошки одржливи продукциски практики на Центар за нови иницијативи во уметност и култура Локомотива - Скопје), но не и обука за наставниците и адмиН истративниот кадар.

5. М6. Визитинг професори, стручњаци и меѓународна соработка	2 проекти	4 проекти со вкупно 3 визитинг професори и 15 алумни	5 проекти со вкупно 3+ визитинг професори и 15+ алумни	Остварен	Реализирани се 5 меѓународни проекти – 3 од нив во целосна организација на факултетот (Скомрахи, Новиот Театар и Хај-Фај) и 2 во соработка со независниот театар Штрих (Under 600) и филмскиот фестивал Киненова. Во нивни рамки, заедно со останати активности, реализирани се 33 работилници и предавања на визитинг професори (3+) и странски и домашни уметници (вклучувајќи 15+ алумни).
6. М1. Анализа на финансирање на уметнички и научноистражувачки проекти	1 апликација за проект	1 апликација за проект	5 апликации за проекти	Остварен	Изработени и поднесени се вкупно 5 апликации за проекти финансирани од домашни и странски фондови: 2 се одобрени и проектите се имплементираат; 2 се во фаза на евалуација (факултетот е партнер на планирани меѓународни проекти во рамки на програми Creative Europe и Скопје ЕПК 2028).
6. М2. Унапредување на технички капацитети	1 спецификација	1 набавка	Во процедура	Делумно остварен	Подготвена е спецификација за потребни технични средства и постапките за набавка на одреден, релативно мал дел (техника за снимање и обработка на материјал) се завршени.
6. М3 Дополнување на административно -помошен кадар	-	2 вработувања	Во процедура	Делумно остварен	Дефинирани се приоритети за нови вработувања и отпочната е формална постапка.
6. М4 Обука на студиска продукциска екипа	/	1 обука	0	Не е остварен	Обуката ќе следи по евентуално доекипирање на Студиото за наставна продукција во рамки на факултетот.
6. М5. Вклучување на алумни во работата (формален алумни клуб)		1 алумни клуб (формирање)	Процесот е само започнат	Делумно остварен	Процесот е во почетна, иницијална фаза но алумни клубот не е основан.
7. М1. Набавка на компјутерска опрема и лиценци	/	1 набавка	1 набавка	Делумно остварен	Набавен е само помал дел од неопходната опрема поради ограничени финансиски средства за оваа намена.
8. М1 Вклученост на демонстратори во промоцијата (соц.мрежи, веб страна)	2 проекти	3 проекти со тим од 4-ца вклучени	4 проекти	Остварен	Демонстраторите се вклучени во промоција на секој поединечен проект (односно претстава, филм или настан како сегмент од нив), заедно со наставниците и студентите - најмалку 10 од сите нив директно и континуирано се инволвирани во оваа активност.
9. М1 Зголемување на студентска мобилност и меѓународна соработка 9. М2 Обезбедување на средства за меѓународна соработка	2 проекти	3 проекти со вкупно 14 студенти	5 проекти со вкупно 27 студенти	Остварен	Преку 5 различни проекти/активности обезбедени се средства од Агенција за филм на РСМ, Министерство за култура и туризам на РСМ и проект на UNESCO и организирано е учество на 27 студенти на реномирани фестивали: филмски – Локарно, Загреб, Дубровник (со неколку награди за остварувања) и театарски – Ниш и Ѓаково,

					Хрватска (на двата со главни награди). Склучен е и меморандум за соработка со Универзитетот Ченгду, НР Кина што потенцијално ќе придонесе нон идна мобилност на студентите.
9. М3 Зголемено учество на наставниот кадар во уметничко/ научно-истражувачки проекти и активности за развивање на меѓународна соработка (вклучувајќи учества на странски уметници/наставници)	2 проекти	3 проекти (5 наставници и 3 стр. уметници)	3 проекти	Остварен	Во имплементација на 3 меѓународни проекти директно се вклучени околу 10 наставници и уметнички соработници, а во нив учествуваа и 3+ странски драмски уметници (како реализатори на соодветни работилници).
9. М4 Број на тековни меѓународни проекти	2	2	3	Остварен	Континуитет на 3 тековни меѓународни проекти (Скомрахи, Новиот Театар и Хај-Фај) е задржан.
9. М5 Учество на наставниот кадар на меѓународни конференции, едукативни програми/настани и останати форми на мобилност	3 конференции/ фестивали	4 конференции/ фестивали (5 наставници и умет, сораб.)	5 конференции/ фестивали	Остварен	5+ наставници и уметнички соработници учествуваа во 5 меѓународни студентски театарски фестивали (Ниш, Сбија и Ѓаково, Хрватска) односно меѓународни научни конференции во организација на домашни институции.

Главни заклучоци на Извештајот

Заклучок

Значаен дел од Акцискиот план за академската 2025/26 година на Факултетот за драмски уметности е реализиран во целост или делумно – сепак, и делумните резултати кај одредени мерки создаваат основи за нивно целосно исполнување во следниот период. И покрај ограничувањата и од финансиска природа и кај останатите ресурси Факултетот успеава успешно да импелемтира бројни активности, особено оние кои се однесуваат на обезбедување на услови за практична настава на студентите и нивна вклученост во меѓународни проекти (можности за мобилност), на поттикнување на научно/уметничко-истажувачка работа на наставниците, и развој на меѓународна соработка во рамки на споменатите ограничувања. Ваквите резултати обезбедуваат потребни фундаменти за понатамошно унапредувања на квалитетот на вкупното работење на Факултетот и успешно исполнување на неговата мисија, односно на афирмација и развој на уметничката и научната дејност, со јасна насоченост кон континуиран напредок и одговорно исполнување на зададените цели. Извештајот посочува и на планирани мерки и резултати кои недоволно или воопшто не се остварени, а кои служат како приоритетни активности за следниот период вклучувајќи ги:

⇒ Унапредување на просторните и технички капацитети;

⇒ Обезбедување на наставен и аминистративно-технички кадар кој недостасува;

⇒ Надградување и осовременување на наставата и останати поврзани процеси (креирање на системи за подобро вклучување на студентите, користење на ВИ и останати технолошки/технички средства, следење и развој на квалитетот на одделни сегменти на работењето, и формализирање на соработката со алумни заедницата).

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Факултет за драмски уметности
Бр. 0202-293/8
24.06.2026 година
С к о п ј е

Врз основа на член 57 од Статутот на Факултетот, Наставно научниот и уметнички совет на на 10-тата седница во 2026 год, на ден 24.06.2026 г. ја донесе следната

О Д Л У К А
За усвојување на извештај за акциски план

1. Се усвојува извештајот за годишниот акциски план за учебната 2025/2026 година, подготвен од Советот за квалитет на Факултетот за драмски уметности

2. Извештајот е прилог кон оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН
проф. м-р Владимир Павловски

До: - Архива
- Универзитет „Св.Кирил и Методиј„